**20120691950**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

Врз основа на член 47 став (1) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11 и 185/11), министерот за одбрана донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПРВО ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ПРОЦЕНУВАЧ НА ВОЕНА ОПРЕМА

1. Со оваа програма се пропишуваат темите за полагање стручен испит за проценувач на воена опрема (во натамошниот текст: стручниот испит).
2. Програмата за стручниот испит ги опфаќа следните теми:

I. ВОВЕД ВО РЕГУЛАТИВАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРОЦЕНА:
1. Значење на изрази употребени во Законот за процена
2. Основни начела за вршење процена
3. Вршење процена
4. Комора на проценувачи и органи на Комората на проценувачи
5. Услови за полагање стручен испит за проценувач
6. Почетна обука за проценувач
7. Стручен испит

II. ПРОФЕСИОНАЛНА ЕТИКА:
1. Добивање и одземање лиценца
2. Осигурување од одговорност
3. Дисциплинска одговорност

III. ВИДОВИ НА ВОЕНА ОПРЕМА КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПРОЦЕНА:
1. Оружја и орудија
2. Средства за ориентација, набљудување, нишанење и управување со оган
3. Муниција и минско-експлозивни средства
4. Средства за запречување
5. Средства за атомско-биолошко-хемиска одбрана
6. Воени моторни возила
7. Воени средства за врски
8. Специјални машини, опрема и средства
9. Воздухопловни средства и опрема
10. Интендантски материјални средства и опрема
11. Медицински средства и опрема

IV. ПРОЦЕНУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА ВОЕНАТА ОПРЕМА:
1. Начин на пресметување на пазарната вредност на воената опрема
2. Дефинирање на коефициентите за проценување на пазарната вредност на воената опрема
3. Содржина на извештајот за процена

4. Литературата за стручниот испит е дадена во прилог број 1, кој е составен дел на оваа програма.

5. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2907/3
21 мај 2012 година
Скопје

Министер за одбрана,
д-р **Фатмир Бесими,** с.р.

Прилог 1

ЛИТЕРАТУРА:

I. Основна

1. Закон за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11 и 185/11);
2. Методологија за процена на воена опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/12);
3. Правилник за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/03, 62/06 и 08/09) и
4. Наставни материјали (лекции, предавања и др.) изготвени од предавачите;

II. Дополнителна

1. Р. Љ. Смилески, Муниција и експлозивни материи -теоретски основи, Маринг, Скопје, 1998;
2. С. Десковски, С. Ангелевски, Надворешна балистика, Маринг, Скопје, 2000;
3. Р. Љ. Смилески, О. Поповски, Внатрешна балистика, Воена академија, Скопје, 2001;
4. М. Димитровски, Т. Давчев, Е. Николов, Мотори и моторни возила, Воена академија, Скопје, 1999 и
5. М. Димитровски, Т. Давчев, Е. Николов, Практикум-мотори и моторни возила, Воена академија, Скопје, 1999.